# ЗЕЛС

## ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL

## GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË

09 2010





**НОВА КОМИСИЈА ВО ЗЕЛС - КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

**KOMISION I RI NË BNJVL – KOMISIONI PËR ENERGJETIKË**





**УСВОЕН СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2011-2015 ГОДИНА**

**U MIRATUA PLANI STRATEGJIK I BNJVL-së PËR 2011 - 2015**

Почитувани,

Сакам да изразам огромно задоволство што е изготвен Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот 2011 -2015 година, кој едногласно беше усвоен на 10-тата седница на УО на ЗЕЛС, одржана на 16 септември во општина Кичево, во „Куќата на уметноста". Стратегискиот план претставува значаен документ не само за асоцијацијата, туку уште повеќе за нашите членки- општините во Македонија. Таа го потврдува континуитетот на работењето на ЗЕЛС и истрајноста на патот на квалитетно надградување на визијата и мисијата за развивање на процесот на децентрализација во земјата и усовршување на системот на локална самоуправа по мерка на граѓаните, со единици на локалната самоуправа кои се успешни, ефикасни и финансиски независни. Изготвувањето на Стратегискиот план доаѓа токму во време кога локалната власт постигна одреден степен на развиеност и има потреба од дополнителен, силен импулс во нејзиното натамошно усовршување. Стратегискиот план се заснова на реалните предлози и потреби на општините, изречени од страна на општинската администрација, градоначалниците и советниците што ги добивме во нивните одговори на прашалниците доставени во изминатиот период. Затоа до сите нив упатувам голема благодарност за забелешките, идеите и предлозите што ни ги упатија за натамошното движење на нивната асоцијација, а особено сум благодарна на активното учество на членовите на Комисијата за стратегиско планирање при подготвувањето на Стратегијата.

Но, ова е само дел од бројните активности што ги реализиравме во изминатиот период. ЗЕЛС активно работеше на усогласување на ставовите на локалните власти со Министерството за транспорт и врски, на изготвувањето на предлозите на Закон за градежно земјиште и на Законот за третман на бесправно изградени градби. Продолжија и активностите на полето на усогласување на потребите на локалните власти со ЕВН Македонија, при што организиравме и средба на високо владино ниво. Сè поизразената потреба од реализирање на проекти и вклучување на општините во обезбедувањето на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија не поттикна досегашната ад хок комисија за соработка на ЗЕЛС со ЕВН Македонија да премине во постојана, тринаесетта комисија во ЗЕЛС, Комисија за енергетика.

На 10-тата седница на УО, формиравме и Совет за развој на ЗЕЛС, иницииравме продлабочување на соработката со пратениците во Собранието на РМ а, донесовме и бројни заклучоци со кои иницираме значајни законски измени во спроведувањето на одредени надлежности на локалните власти.

Можам да ја истакнам и активноста на ЗЕЛС тренинг центарот, со започнувањето на посети на сите општини-членки на ЗЕЛС со цел утврдување на потребите на локалната администрација за обука и градење на нивните капацитети, како и за понепосредно запознавање со актуелните предизвици на општините.

За сето ова, за другите реализирани активности и за иницијативите на УО на ЗЕЛС, повеќе можете да прочитате во септемврискиот број на нашето и Ваше Гласило.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Të nderuar,

Dëshiroj të shpreh kënaqësi të thellë që u hartua Plani Strategjik i BNJVL-së për periudhën prej vitit 2011-2015, i cili unanimisht u miratua në seancën e 10-të të BD të BNJVL-së, e mbajtur më 16 shtator, në komunën e Kërçovës në ,,Shtëpinë e artit". Plani Strategjik paraqet dokument të rëndësishëm jo vetëm për Asocacionin, por aq më tepër për anëtaret tona, komunat e Maqedonisë. Ai përcakton vazhdimësinë në punën e BNJVL-së dhe qëndrueshmërinë në rrugën e mbindërtimit kualitativ të vizionit dhe misionit për zhvillimin e procesit të decentralizimit në vend dhe përkryreje të sistemit të vetëqeverisjes lokale sipas masës së qytetarëve, me njësi të vetëqeverisjes lokale të cilat janë të suksesshme, efikase dhe me pavarësi financiare. Hartimi i Planit Strategjik bëhet pikërisht në kohën kur pushteti lokal arriti shkallë të caktuar të zhvillimit dhe ka nevojë për impuls të fuqishëm plotësues, për përkryerjen e tij të mëtejme. Plani Strategjik themelohet mbi propozimet dhe nevojat reale të komunave, të parashtruara nga ana e administratës komunale, kryetarët e komunave, këshilltarët, të cilat i pranuam në përgjigjet e pyetësorëve të parashtruar në periudhën e kaluar. Prandaj u falenderoj të gjithëve për vërejtjet, idetë dhe propozimet që n'a paraqitën për zhvillimin e asociacionit të tyre, e veçanërisht i falenderohem pjesëmarrjes aktive të anëtarëve të Komisionit për planifikim strategjik gjatë hartimit të Strategjisë.

Por kjo është vetëm një pjesë e aktiviteteve që realizuam në periudhën e kaluar. BNJVL në mënyrë aktive punoi në harmonizimin e qëndrimeve të pushteteve lokale me Ministrinë për transport dhe lidhje në hartimin e propozimeve të Ligjit për tokë ndërtimore dhe të Ligjit për trajtimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje. Vazhduan edhe aktivitetet në fushën e harmonizimit të nevojave të pushteteve lokale me EVN Maqedoninë, me ç'rast organizuam edhe takim në nivel të lartë qeveritar. Nevoja gjithnjë e më e shprehur e ralizimit të projekteve dhe përfshirja e komunave në sigurimin e efikasitetit energjetik dhe shfrytëzimin e burimeve përtrirëse energjetike, n'a nxiti që ad-hok Komisioni i deritanishëm për bashkëpunim të BNJVL-së me EVN Maqedoninë, të kalojë në të përhershëm, komisioni i trembëdhjetë i BNJVL-së, Komision për energjetikë.

Në seancën e 10-të të BD, formuam edhe Këshillin për zhvillimin e BNJVL-së, iniciuam thellësim të bashkëpunimit me deputetët në Kuvendin e RM, ndërsa aprovuam edhe konkluzione të numërta me të cilat iniciuam ndryshime të rëndësishme ligjore në zbatimin e kompetencave të caktuara të pushteteve lokale.

Mund t'a theksoj edhe aktivitetin e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, me fillimin e vizitave të të gjitha komunave, anëtare të BNJVL-së, me qëllim të përcaktimit të nevojave të administratës lokale për trajnim dhe ndërtim të kapaciteteve të tyre, si dhe për njohje më të drejtpëdrejtë me sfidat aktuale të komunave.

Për këtë, për aktivitete tjera të realizuara dhe për iniciativat e BD të BNJVL-së, më tepër mund të lexoni në numrin e shtatorit të Gazetës tonë dhe tuajën.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудовски
Дизајн и подготовка за печат - Европа 92
Печати - Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudovski
Pergatitje per shtyp - Evropa 92
Shtyp - Evropa 92

# ДВОДНЕВНА ДИСКУСИЈА ЗА ЧЕТИРИ ЗНАЧАЈНИ ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ

# DISKUTIM DYDITOR I KATËR LIGJEVE TË RËNDËSISHME NGA LËMIA E URBANIZMIT




Со цел што поефективно имплементирање на законските решенија во рамките на работењето на единиците на локалната самоуправа и надлежните институции, Министерството за транспорт и врски во соработка со ЗЕЛС на 26 – 27 август 2010 година, во хотелот Дрим во Струга организираше стручно советување за четири закони од областа на урбанизмот и тоа: Законот за градежно земјиште, Законот за третман на бесправно изградени градби, Законот за домување и Законот за градење. На советувањето учествуваа претставници од ресорното министерство, претставници од локалната самоуправа кои ги покриваат активностите поврзани со урбанизмот, градоначалници, претставници од бизнис

Me qëllim të implementimit më efektiv të aktvendimeve ligjore në kuadër të punës së njësive të vetëqeverisjes lokale dhe institucioneve kompetente, Ministria për transport dhe lidhje me bashkëpunim të BNJVL-së më 26-27 gusht 2010, në hotelin ,,Drin" në Strugë organizoi këshillim profesional nga lëmia e urbanizmit dhe atë për: Ligjin për tokë ndërtimore, Ligjin për trajtimin e ndërtesave të ndërtuara pa leje, Ligjin për banim dhe Ligjin për ndërtim. Në këshillim morrën pjesë përfaqësues nga ministritë e resorit, përfaqësues të vetëqeverisjes lokale të cilët mbulojnë aktivitetet lidhur me urbanizmin, kryetarët e komunave, përfaqësuesit e bashkësisë së biznesit, përfaqësuesit ▶



заедницата, претставници од стопанските комори и други заинтересирани страни. За време на советувањето посебен акцент беше даден на двата предлог-закони и тоа Законот за градежно земјиште и Законот за третман на бесправно изградени градби. И двата предлог-закони претходно беа доставени на разгледување до ЗЕЛС и преку изградени систематизирани забелешки и предлози повторно вратени до МТВ. Истите беа изнесени и на средбата и на задоволство на локалните власти, поголемиот дел од забелешките на ЗЕЛС кои се однесуваат на Законот за градежно земјиште беа прифатени. За Законот за третман на бесправно изградени градби, со оглед на фактот што се работи за прва верзија на законот, понатаму ќе се организираат средби и се очекува текстот на оваа



првична работна верзија на законот да претрпи значителни измени. Имено, ЗЕЛС активно учествуваше во процесот на пишување на Законот за градежно земјиште. Во согласност со овој закон голем дел од предвидените активности-те ќе се имплементираат преку ЗЕЛС тренинг центарот - ЗТЦ.

e odave ekonomike dhe palë tjera të interesuara. Gjatë këshillimit theks i veçantë i'u dha dy Propozim-Ligjeve dhe atë Ligjit për tokë ndërtimore dhe Ligjit për trajtimin e ndërtesave të ndërtuara pa leje. Që të dy propozim-ligjet paraprakisht u parashtruan për shqyrtim deri te BNJVL dhe përmes vërejtjeve të sistematizuara dhe propozimeve sërish i'u kthyen MTL. Të njejtat u parashtruan edhe në takim dhe për kënaqjen e pushteteve lokale, pjesa më e madhe e vërejtjeve të BNJVL-së që kanë të bëjnë me ligjin për tokë ndërtimore u pranuan. Për Ligjin për trajtimin e ndërtesave të ndërtuara pa leje, duke pasur parasysh faktin se flitet për versionin e parë të ligjit, më tej do të organizohen takime dhe pritet që teksti i këtij versioni fillestar punues të ligjit të ketë edhe ndryshime të mëdha. Emërisht, BNJVL në mënyrë aktive morri pjesë në procesin e të shkruarit të Ligjit për tokë ndërtimore, konform këtij ligji pjesë e madhe e aktiviteteve të parashikuara me këtë ligj do të implementohen përmes BNJVL-Qendrës së Trajnimeve-BQT.

# КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ



Комисијата за урбанизам при ЗЕЛС во проширен состав со претставници од општинската администрација и градоначалници, на 13 септември 2010 година, во просториите на ЗЕЛС ја разгледа последна верзија на Предлог-Законот за градежно земјиште, доставена од Министерството за транспорт и врски. Оваа верзија е резултат на работилницата одржана во Струга, каде ЗЕЛС ги презентираше сите забелешки и предлози по овој закон.

На состанокот се реафирмираа уште еднаш одредени забелешки и предлози на ЗЕЛС кои во оваа работна верзија не биле прифатени од Министерството за транспорт и врски. Од страна на присутните беше поздравен членот на Законот, во кој се предвидува неговата примена да почне од 1 јули 2011 година.

Општините се подготвуваат за претстојниот закон за бесправно изградени градби

# ПРЕЗЕНТИРАН СОФТВЕР НА ОПШТИНИТЕ ШТИП И КАРБИНЦИ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ДИВОГРАДБИТЕ



На 1 септември, 2010 година во просториите на Општина Штип, во присуство на медиуми, претставници од Министерството за локална самоуправа, од Државниот градежен инспекторат, од ЗЕЛС, од УНДП и од општините Карбинци и Штип беше промовиран софтверот за евидентирање на бесправно изградени градби. Станува збор за реализација на гранд од 20 000 евра од УНДП, во рамките на проектот за „Меѓуопштинска соработка за подобра испорака на услуги и пристап кон ЕУ“, што започна во декември минатата година.

Градоначалникот на Штип, Зоран Алексов, ги претстави фазите на реализација на проектот, при што го истакна задоволството од постигнатите резултати, а особено ја нагласи можноста софтверот да се направи прифатлив за сите општини во земјата. Душица Перишиќ, Директорка на ЗЕЛС, истакна дека реализацијата на софтверот доаѓа во вистински момент, кога се очекува донесување на закон за легализација на бесправно изградените градби, бидејќи општините ќе можат да ја искористат оваа алатка со која полесно ќе ги евидентираат дивоградбите на својата територија. Беше изнесено дека трендот на бесправно градење во поголем број општини речиси е запрен, а наскоро граѓаните кои имаат дивоградби ќе можат да започнат постапка за нивно легализирање. Со помош на софтверот во Штип се евидентирани околу 4 000 дивоградби, а со нивна легализација, по донесување на законот, се очекува во општинскиот буџет да се слеат најмалку 10 милиони евра.

Во првата фаза од проектот направени се сите технички подготовки (уреден простор, ИТ опрема, сервер, софтвер за базата на податоци) за работа на комисиите за евидентирање на дивоизградените објекти. Формирана е и Комисија за меѓуопштинска соработка, која ги изготвила сите акти за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општините Штип и Карбинци, во делот на урбаното планирање. Потоа се пристапило кон надополнување на постојната база на податоци со собирање на евидентирани податоците од архивот, од одделението за даноци за сите надградби, доградби и нови градби. Во втората фаза, преку медиумска кампања биле повикани граѓаните самоиницијативно да ги пријават нелегалните градби на шалтерот во Центарот за услуги во општината. Потоа, се преминало на теренско евидентирање на објектите, што го вршеле пет времени комисии од по три члена, кои претходно добиле соодветна обука со цел спроведување на ефикасна и квалитетна евиденцијата. Во просек дневно се евидентирале 20-30 објекти. Поради добрата обученост на членовите на комисиите како и медиумска покриеност на проектот тој бил прифатен од граѓаните и се спроведувал без големи проблеми на теренот.

# KOMISIONI PËR URBANIZËM
## SHQYRTIM I PROPOZIM-LIGJIT PËR TOKË NDËRTIMORE



Komisioni për urbanizëm pranë BNJVL-së në përbërje të zgjëruar me përfaqësuesit e administratës komunale dhe kryetarët e komunave, më 13 shtator 2010, në hapësirat e BNJVL-së e shqyrtoi versionin e fundit të Propozim-Ligjit për tokë ndërtimore të parashtruar nga Ministria për transport dhe lidhje. Ky version është rezultat i punëtorisë të mbajtur në Strugë ku BNJVL i prezantoi të gjitha vërejtjet dhe propozimet sipas këtij ligji.

Në mbledhje u riafirmuan edhe një herë vërejtjet dhe propozimet e caktuara të BNJVL-së të cilat në këtë version punues nuk ishin pranuar nga Ministria për transport dhe lidhje. Nga ana e të pranishmëve u përshëndet neni i ligjit në të cilin parashikohet zbatimi i këtij ligji të fillojë prej 1 korriku 2011.

Komunat përgatiten për ligjin e ardhshëm për ndërtesat e ndërtuara pa leje

# U PREZENTUA SOFTUERI I KOMUNAVE SHTIP DHE KARBINCI PËR EVIDENTIMIN E NDËRTESAVE TË NDËRTUARA PA LEJE

Më 1 shtator, 2010, në hapësirat e komunës së Shtipit, në prani të mediave, përfaqësuesve të Ministrisë për vetëqeverisje lokale, nga Inspektoriati Shtetëror për Ndërtim, nga BNJVL, nga UNDP dhe nga komunat Karbinci dhe Shtip, u promovua softuer për evidentimin e ndërtesave të ndërtuara pa leje. Bëhet fjalë për realizimin e grantit prej 20.000 eurosh nga UNDP, në kuadër të projektit për ,,Bashkëpunimi ndërkomunal për ofrim më të mirë të shërbimeve dhe aderim në BE", që filloi në dhjetor të vitit të kaluar.

Kryetari i komunës së Shtipit, Zoran Aleksov i prezantoi fazat e realizimit të projektit, me ç'rast theksoi mundësinë që softueri të jetë i pranueshëm nga ana e të gjitha komunave në vend. Dushica Perishiq, drejtoreshë e BNJVL-së, theksoi se realizimi i softuerit paraqitet në moment të vërtetë, kur pritet aprovimi i Ligjit për legalizimin e ndërtesave të ndërtuara pa leje, sepse komunat do të mund t'a shfrytëzojnë këtë vegël me të cilën më lehtë do t'i evidentojnë ndërtimet pa leje në territorin e tyre. U përmend se trendi i ndërtimit të paligjshëm në pjesë të madhe të komunave pothuaj se është ndaluar, ndërsa së shpejti qytetarët të cilët kanë ndërtesa pa leje do të mund të fillojnë procedurë për legalizimin e tyre. Me ndihmën e softuerit në Shtip janë evidentuar rreth 4 000 ndërtesa të paligjshme, ndërsa me legalizimin e tyre, pas aprovimit të ligjit, pritet që në buxhetin e komunës të mblidhen më së paku 10 milion euro.

Në fazën e parë të projektit janë kryer të gjitha përgatitjet teknike (hapësira e rregulluar, pajisja për IT, serveri, softueri për bazën e të dhënave) për punën e komisioneve për evidentimin e objekteve të ndërtuara pa leje. Është formuar edhe Komision për bashkëpunim ndërkomunal të komunave Shtip dhe Karbinci, në pjesën e planifikimit urban. Pastaj u janë drejtuar plotësimit të bazës të të dhënave ekzistuese me mbledhjen e të dhënave të evidentuara nga arkivi, nga sektori për tatime për të gjitha ndërtesat e paligjshme dhe ndërtimet e reja. Në fazën e dytë, përmes fushatës mediatike u ftuan qytetarët me vetiniciativë t'i paraqesin ndërtesat pa leje në sportelin e Qendrës për shërbime të komunës. Pastaj, ka kaluar në evidentim në teren të objekteve, që i kanë kryer pesë komisione me nga 3 anëtarë, të cilët paraprakisht kanë marrë trajnim adekuat me qëllim të zbatimit të evidencës efikase dhe kualitative. Mesatarisht në ditë janë evidentuar 20-30 objekte. Për arsye të trajnimit të mirë të anëtarëve të komisioneve si dhe mbulim mediatik të projektit ai u pranua nga qytetarët dhe është realizuar pa probleme të mëdha në teren.



## СОСТАНОК НА ЗЕЛС И ЕВН МАКЕДОНИЈА СО ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА НА РМ

ЗЕЛС и ЕВН Македонија во Владата на Република Македонија на 1 септември 2010 година одржаа состанок со Заменикот на Претседателот на Владата на РМ, задолжен за економски прашања, Владимир Пешевски, каде разговараа за отворените прашања на општините поврзани со соработката на ЕВН и општините. Меѓу другото се разговараше за можностите за откажувањето на каматите врз основа на долговите на општините кон ЕВН, како и за можностите ваква поддршка да дадат МЕПСО и ЕЛЕМ кои имаат свои побарувања кон ЕВН. По упатените барања од страна на ЗЕЛС неодамна ЕВН Македонија одговори со допис со кој се согласи на дел од истакнатите барањата на ЗЕЛС, а особено утврдувањето на бескаматен период до 30-ти во месецот за кој нема да се наплатуваат камати за задоцнето плаќање (документот се наоѓа на интернет страната на ЗЕЛС www.zels.org.mk).

## MBLEDHJA E BNJVL-SË DHE EVN MAQEDONI ME PËRFAQËSUES TË QEVERISË SË RM

BNJVL dhe EVN Maqedoni në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë më 1 shtator, 2010, mbajtën mbledhje me zëvendës kryetarin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, përgjegjës për çështjet ekonomike, Vlladimir Peshevski, ku biseduan për pyetjet e hapura të komunave lidhur me bashkëpunimin e EVN-së dhe komunave. Mes tjerash u bisedua edhe për mundësitë për shlyerjen e kamatave në bazë të borxheve të komunave ndaj EVN-së si dhe për mundësitë që një përkrahje të këtillë t'a japin MEPSO dhe ELEM të cilët kanë kërkesat e tyre ndaj EVN-së. Pas kërkesave të parashtruara nga BNJVL, para do kohë EVN Maqedoni u përgjigj me shkresë me të cilën u pajtua me pjesë të kërkesave të përmendura të BNJVL-së, e veçanërisht përcaktimin e periudhës pa kamata deri në të 30-in në muajin për të cilin nuk do të arkëtojnë kamata për pagesën e vonuar (dokumenti gjendet në internet faqen e BNJVL-së www.zels.org.mk).

## НОВА КОМИСИЈА ВО ЗЕЛС - КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Еден од заклучоците на 10-тата седница на УО беше, постојната ад хок комисија за соработка со ЕВН да прерасне во Комисија за енергетика која ќе има перманентни активности. Со тоа бројот на комисиите во ЗЕЛС се зголеми на вкупно тринаесет комисии.

Постојаната потреба од разрешување на одредени прашања на локалните власти со ЕВН Македонија, директната или индиректната поврзаност на општините околу реализација на одредени национални стратегии меѓу кои и за енергетска ефикасност, приклучувањето кон светскиот тренд и потреби за поголемо искористување на обновливите извори на енергија се главните причини за формирањето на оваа Комисија. Исто така од особена важност е што во европски и меѓународни рамки сè повеќе се формираат фондови за оваа намена, од каде нашите локални власти можат да аплицираат со проекти за искористување на овие средства. Сето ова ќе се рефлектира во општините, во правец на рационализација на трошоците околу искористувањето на електричната и топлинската енергија, заштита на животната средина и обезбедување на поквалитетни услови за живот на своите граѓани. Комисијата ја сочинуваат досегашните членови на ад хок комисијата, градоначалниците Благоја Деспотоски, Аргетим Фида, Александар Петрески и Марјан Ѓорчев.

## KOMISION I RI NË BNJVL-KOMISIONI PËR ENERGJETIKË

Njëri ndër konkluzionet e seancës së 10-të të BD, ishte që ad-hok Komisioni për bashkëpunim me EVN, të kalojë në Komision për energjetikë që do të ketë aktivitete permanente. Me këtë, numri i komisioneve të BNJVL-së u rrit në gjithsejt trembëdhjetë komisione.

Nevoja e vazhdueshme për zgjidhjen e çështjeve të caktuara të pushteteve lokale me EVN Maqedoninë, lidhja direkte ose indirekte me komunat rreth realizimit të strategjive të caktuara nacionale midis të cilave edhe për efikasitet energjetik, aderim në trendin botëror dhe nevojat për shfrytëzim më të madh të burimeve ripërtrirëse të energjisë, janë arsyet kryesore për formimin e këtij Komisioni. Gjithashtu mjaft i rëndësishëm është fakti se në kornizat evropiane dhe ndërkombëtare formohen fonde për këtë dedikim, që u mundësohet pushteteve lokale të vendit tonë të aplikojnë me projekte për shfrytëzimin e këtyre mjeteve. Kjo do të reflektohet në komuna, në drejtim të racionalizimit të shpenzimeve rreth shfrytëzimit të energjisë elektrike dhe energjisë për ngrohje, mbrojtjen e mjedisit jetësor dhe sigurimin e kushteve më kualitative për jetë të qytetarëve të tyre. Komisionin e përbëjnë anëtarët e deritanishëm të ad-hok komisionit, kryetarët e komunave Bllagoja Despotoski, Argëtim Fida, Aleksandar Petreski dhe Marjan Gjorçev.

Општините сѐ помасовно се вклучуваат кон реализација на националната стратегија за енергетска ефикасност

# ПОСТАВЕН КАМЕН ТЕМЕЛНИК НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ВО ДЕМИР ХИСАР



Во месноста Суводол, Општина Демир Хисар, на седми септември, 2010 година, беше поставен камен темелник на нова фотоволтаична централа, што ќе произведува еден мегават електрична енергија. Инвестицијата изнесува околу пет милиони евра и се очекува да биде реализирана до крајот на оваа година.

-„ Добивањето на енергија од обновливи извори, во услови на континуиран раст на цените на енергенсите и зголемената потреба од заштита на животната средина претставува предизвик за голем број развиени земји во светот. Општината Демир Хисар со оваа нова инвестиција станува енергетски и еколошки центар. Од тие причини навистина сум задоволен што најдовме заеднички јазик со инвеститорите и оваа централа се отвора токму во нашата општина. Направивме максимални напори и во краток рок ја подготвивме целата потребна документација", истакна на свеченоста, Тони Ангелески, градоначалник на Демир Хисар. При тоа тој додаде дека централата се поставува на локација во непосредна близина на две вештачки езера и возобновената црква Св. Богородица, што претставува чекор од реализирањето на локалната стратегија за развивање на иницијативи за развој на еколошки туризам во овој крај. Градоначалникот Ангелески најави изградба и на асфалтен пат во должина од 2,5 км до ова место, со што се создава дополнителен предуслов за влез на нови инвестиции и развивање конкретни проекти на ова подрачје.

Зад оваа инвестиција стојат неколку македонски бизнисмени. Испитувањата покажале дека реонот на Демир Хисар има над 300 сончеви денови во текот на годината. Според направените анализи, Македонија се рангира високо во Европа, според потенцијалите за искористување на соларната енергија. Експертите укажале дека интересот за изградба на соларни централи е голем, што значи дека се отвораат можности за нови вакви инвестиции во повеќе општини низ целата земја. Со користење на сончевата енергија во земјата годишно може да се заштедат минимум 32 милиони евра, приближно колку што чинат давачките за отворање 6.874 нови работни места. Воедно, со отворањето на поголем број на вакви централи, нашата земја ќе ја реализира националната стратегија за развој на енергетиката, каде е предвидено до 2020 година дури 20 проценти од потребите за електрична енергија да се произведува од обновливи извори на енергија.

*Благоја Шундовски,*
*Лице за односи со јавност на Општина Демир Хисар*

Komunat gjithnjë e më masovisht përfshihen në realizimin e strategjisë nacionale për efikasitet energjetik

# U VENDOS GURTHEMELI I CENTRALIT FOTOVOLTAIK NË DEMIR HISAR

Në Suvodoll, komuna e Demir Hisarit, më 7 shtator, 2010, u vendos gurthemeli i centralit të ri fotovoltaik, që do të prodhojë energji elektrike prej një megavati. Ivestimi përmban rredh 5 milion euro dhe pritet të realizohet deri në fund të këtij viti.

-,,Fitimi i energjisë për burime ripërtrirëse, në kushte të rritjes së vazhdueshme të çmimeve të energjenseve dhe nevoja e rritur për mbrojtjen e mjedisit jetësor, paraqet sfidë për një pjesë të madhe të vendeve të zhvilluara në botë. Komuna Demir Hisar, me këtë investim shëndrohet në një qendër energjetike dhe ekologjike. Për këto arsye me të vërtetë jam i kënaqur që gjetëm një gjuhë të përbashkët me investuesit dhe ky central hapet pikërisht në komunën tonë. Bëmë përpjekje maksimale dhe në afat të shkurtër e përgatitëm në tërësi dokumentacionin e nevojshëm", theksoi në solemnitet Toni Angeleski, kryetar i komunës së Demir Hisarit. Ai shtoi edhe se centrali vendoset në lokacionin në afërsi të drejtpërdrejtë të dy liqeve artificiale dhe të kishës së restauruar Shën Mëria, që paraqet hap të realizimit të strategjisë lokale për zhvillimin e iniciativës për zhvillim të turizimit ekologjik në këtë rajon. Kryetari Angeleski lamëroi edhe ndërtim të rrugës së asfaltuar në gjatësi prej 2,5 km deri te ky vend, me ç'rast u krijua parakusht plotësues për hyrë në investime të reja dhe zhvillim të projekteve konkrete në këtë rajon.

Pas këtij investimi qëndrojnë disa biznesmenë të Maqedonisë. Hulumtimet kanë treguar se rajoni i Demir Hisarit ka mbi 300 ditë me diell gjatë vitit. Sipas analizave të kryera Maqedonia rangohet lartë në Evropë, sipas potencialeve për shfrytëzimin e energjisë solare. Ekspertët treguan se interesimi për ndërtimin e centraleve solare është mjaft i madh, që do të thotë se hapen mundësi për investime të këtilla të reja për më shumë komuna në mbarë vendin. Me shfrytëzimin e energjisë diellore në vend, mund të kursehen minimum 32 milion euro në vit, përafërsisht aq sa kushtojnë të dhënat për hapjen e 6.874 vendeve të reja të punës. Njëkohësisht me hapjen e më shumë centraleve të këtilla, vendi jonë do t'a realizojë strategjinë nacionale për zhvillim të energjetikës, ku është parashikuar që deri më 2020, 20% të nevojave për energji elektrike të prodhohen nga burimet ripërtrirëse të energjisë.

***Bllagoja Shundovski***
*Person për marrëdhënie me publikun në komunën e Demir Hisarit*

# ИСКУСТВАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД 11 ОПШТИНИ

Претставници од 11 општини од земјава: Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Гевгелија, Радовиш, Струмица, Прилеп, Могила, Чашка, Кичево и Зрновци, претставник од ЗЕЛС и од организаторот УНДП, во периодот од 511 септември беа на студиска посета на Република Чешка, како дел од активностите на проектот „Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор”.

Целта на посетата беше да се разменат искуства помеѓу единиците на локалните самоуправи од нашата земја и соодветните институции во Република Чешка за имплементирање на проекти од областа на енергетската ефикасност. Беа посетени Прага, Брно и Литомерице каде претставниците се стекнаа со нивните позитивни искуства со имплементирањето на проекти од оваа област, финансиски поддржани од структурните фондови на Европската унија. Особено беше интересен проектот за изградба на централа во општината Литомерице, каде со вештачко генерирање на геотермални води ќе се произведува електрична и топлинска енергија за потребите на општината. Во оваа општина реализиран е и проектот за производство на електрична енергија со фотоволтаични панели поставени на покривите на училиштата. Добиената енергија се користи за потребите на училиштата, а средствата од продажбата на остатокот од енергијата повторно се употребуваат за потребите на учениците.

Во согласност со директивите на ЕУ за енергетски карактеристики на згради, во Чешка се врши класификација на зградите на сите јавни установи според потрошувачката на енергија, по што се утврдува приоритетот за дополнителни вложувања за обезбедување на енергетска ефикасност. Стандардите за енергетска ефикасност на станбените објекти се задолжителни за новите градби. Интересно беше и тоа што Република Чешка формирала,таканаречен „зелен фонд” до кој општините и граѓаните може да конкурираат со проекти од областа на енергетска ефикасност и да добијат мошне поволни услови за вакви инвестиции. Реконструкција по предвидените стандарди е направена и на објектот каде е сместено Министерство за животна средина во Прага, при што е поставен часовник -мерач, кој покажува колку енергија е заштедено од моментот на воведувањето на утврдените стандарди за градба.

Се очекува Директивата на ЕУ за енергетски карактеристики на згради, наскоро да биде комплетно транспонирана и од нашата држава, за што се подготвува усогласување на законодавството во овој дел и изготвување на правилник за енергетска ефикасност во зградите.

Проектот е една од трите компоненти на програмата за енергетска ефикасност, финансирана од Австриската Развојна Кооперација и е насочен кон воспоставување на поволни услови за ублажување на климатските промени во земјите. Истата ќе се оствари преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и капацитетите на инволвираните засегнати страни за енергетска ефикасност.

# PËRVOJAT PËR EFIKASITET ENERGJETIK PËR PËRFAQËSUESIT E 11 KOMUNAVE



Përfaqësues nga 11 komuna të vendit: Karposhi, Kisella Voda, Aerodromi, Gjevgjelia, Radovishi, Strumica, Prilepi, Mogilla, Çashka, Kërçova dhe Zërnovci, përfaqësues të BNJVL-së dhe organizatorët e UNDP, në periudhën prej 5-11 shtator, ishin në vizitë studimore në Republikën e Çekisë, si pjesë e aktiviteteve të projektit ,,Akomodim i kushteve klimatike përmes përmirësimit të efikasitetit energjetik në sektorin për ndërtim”.

Qëllimi i vizitës ishte shkëmbimi i përvojave midis njësive të vetëqeverisjes lokale të vendit tonë dhe institucioneve përkatëse në Republikën e Çekisë për impelentimin e projekteve në lëminë e efikasitetit energjetik. U vizituan Praga, Bërno dhe Litomerice ku përfaqësuesit fituan përvoja pozitive me implementimin e projekteve në këtë lëmi, me përkrahje financiare të Bashkimit Evropian. Interes të veçantë kishte projekti për ndërtimin e centralit, në komunën Litomerice, ku me gjenerimin artificial të ujërave gjeometrale do të prodhohet energji elektrike dhe energji për ngrohje për nevojat e komunave. Në këtë komunë u realizua edhe projekti për prodhimin e energjisë elektrike me panele fotovoltaike të vendosura në kulmet e shkollave, energjia e fituar shfrytëzohet për nevojat e shkollave, ndërsa mjetet nga shitja e energjisë së mbetur sërish përdoren për nevojat e nxënësve.

Konform Direktivës së BE-së për karakteristikat energjetike të ndërtesave, në Çeki kryhet klasifikim i ndërtesave të institucioneve publike sipas shpenzimit të energjisë, me ç'rast përcaktohet prioriteti i investimeve plotësuese për sigurimin e efikasitetit energjetik. Standardet për efikasitet energjetik të objekteve për banim janë obligative për ndërtimet e reja. Mjaft interesante ishte ajo se Republika e Çekisë ka formuar, të ashtuquajtur ,,fondin e gjelbërt” në të cilin komunat dhe qytetarët mund të aplikojnë me projekte nga lëmia e efikasitetit energjetik dhe të fitojnë kushte mjaft të volitshme për invetsime të këtilla. Rikonstruimi sipas standardeve i është bërë edhe objektit ku është vendosur Ministria për mjedis jetësorë, në Pragë, me ç'rast është vendosur orë-matëse, kjo tregon sa energji është kursyer prej momentit të vendosjes së standardeve të përcaktuara për ndërtim.

Pritet që Direktiva e BE-së për karakteristikat energjetike të ndërtesave, së shpejti do të transpozohen tërësisht edhe nge shteti jonë, me ç'rast përgatitet harmonizim i legjislativës në këtë pjesë dhe hartim i rregullores për efikasitet energjetik në ndërtesa.

Projekti është njëri prej tri komponentave të programit për efikasitet energjetik, i financuar nga Kooperacioni Austriak Zhvillimor dhe synon vendosjen e kushteve për akomodim të ndryshimeve klimatike në vende të ndryshme. E njejta do të realizohet përmes përmirësimit të efikasitetit energjetik në sektorin për ndërtim, rritjen e vetëdijes publike dhe kapacitetet e palëve të involvuara dhe të interesuara për efikasitet energjetik.

# УСВОЕН СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2011-2015 ГОДИНА

Стратегиски план на ЗЕЛС за периодот 2011-2015 година, едногласно беше усвоен на 10-тата седница на УО. Тој претставува значаен документ не само за асоцијацијата, туку уште повеќе за нејзините членки, општините. Го потврдува континуитетот на работењето на ЗЕЛС и истрајноста на патот на квалитетно надградување на визијата и мисијата за развивање на процесот на децентрализација во земјата и усовршување на систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните, со единици на локалната самоуправа кои се успешни, ефикасни и финансиски независни. Изготвувањето на Стратегискиот план доаѓа токму во време кога локалната власт постигна одреден степен на развиеност и има потреба од дополнителен, силен импулс во нејзиното натамошно усовршување. Стратегискиот план се заснова на реалните предлози и потреби на општините, изречени од страна на општинската администрација, градоначалниците и советниците што ги добивме во нивните одговори на доставените прашалници. Исто така, изготвената предлог- стратегија беше доставена на коментари до општините, од кои дел повторно беа вметнати во крајната верзија. Во изработката на Стратегијата особен придонес дадоа градоначалниците, членови на ад хок Комисијата за стратегиско планирање, Бастри Бајрами - општина Арачиново, Аргетим Фида - Дебар, Жика Стојановски - Илинден и Стефче Јакимовски – Карпош, кои вложија огромни напори во сублимирањето на сите потреби и погледи за натамошно развивање на ЗЕЛС. За изработка на стратегијата ЗЕЛС доби експертска и финансиска поддршка од Програмата за човеков институционален развој на УСАИД.

Со оваа Стратегија, ЗЕЛС продолжува со спроведувањето на основната цел на успешно претставување и застапување на интересите на општините пред органите на централната власт, Парламентот и другите домашни и странски институции. Нагласени се активностите во работењето на комисиите на ЗЕЛС и развивањето на Мрежите на општинските одговорни лица како и зајакнувањето на ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) кој ќе обезбедува и спроведува соодветни обуки на претставниците на локалната администрација. Подготвувањето на анализи, доставување на иницијативи и предлози за законски измени од значење за спроведување на надлежностите на локалните власти, особено обезбедувањето на поголема финансиска самостојност на општините се исто така дел од предвидените правци на натамошно дејствување на асоцијацијата, а нагласени се и активностите кои ќе бидат преземани за обезбедување на финансиска стабилност на ЗЕЛС, како и поддршка за што поголемо искористување на претпристапните ЕУ фондови од страна на локалните власти. Ова се дел од активностите утврдени во осумте стратегиски цели на новиот Стратегиски план на ЗЕЛС за периодот 20011-2015 година.

# U MIRATUA PLANI STRATEGJIK I BNJVL-SË PËR 2011-2015

Во просториите на ЗЕЛС, на 22 септември, 2010 година, Комисијата за образование ја одржа четвртата седница, на која присуствуваа и членовите на техничката група составена од советници за образование и овластени општински инспектори. Беа разгледувани прашања од актуелните состојби во образованието со кои се засегнати локалните власти, а особено внимание беше посветено на недостатокот на финансиски средства за образованието, предвидени со ребалансот на Буџетот за 2010 година. Оваа состојба беше потврдена и со пристигнатите извештаи на неколку општини каде се утврди дека недостатокот е најзабележителен кај средствата за средно образование и се рефлектира во исплаќањето на превозот на учениците и затоплувањето на училиштата. Беа потенцирани и проблемите што ги имаат општините поради слабите капацитети на ученичките домови, за што беше предложено МОН најитно да направи Правилник за задолжително средно образование.

Присутните беа информирани за заклучокот на Управниот одбор на ЗЕЛС за иницирање на нова средба со Министерот за образование, на која уште еднаш ќе се потенцира потребата за изнаоѓање начин за надминување на состојбата со недостаток на средства во образованието, што во голем број општини може да доведе до сериозно нарушување на можностите на локалната власт за спроведување на оваа надлежност.

На состанокот беше истакнато дека сеуште, во одредени општини постојат проблеми и со трансферот на работниот однос на вработените во образованието а, незадоволството имаше и поради доцнењето на согласности од МОН, што би требало да се добиваат најдоцна петнаесетина дена пред почетокот на учебната година. На состанокот се дискутираше и за проблемите што настануваат со распоредувањето на средствата за надомест на наставниците чиј фонд на часови покриваат во повеќе училишта, кои при тоа може да бидат и во две или повеќе општини, а наставникот има засновано работен однос во еден правен субјект (училиште).

Прсисутните дискутираа и за потребата од корегирање на одредени законски недоречености, настанати во средното задолжително образование, кога при изрекување на највисоката педагошки мерка, ученикот не може да се префрли во друго училиште бидејќи во тој реон не постои соодветно училиште (нагласено особено кај стручните училишта). Отворена можност за законски корекции има и во однос на одредбите каде е предвидено општинските совети да гласаат, наместо да ги разгледуваат училишните извештаи и планови. На оваа средба присутните имаа можност да проследат презентација за предлог стратегијата за образование за возрасни и по истата да дискутираат.




# MUNGESA E MJETEVE NË ARSIM, RREZIK SERIOZ PËR PUSHTETET LOKALE NË ZBATIMIN E KËSAJ KOMPETENCE

Në hapësirat e BNJVL-së, më 22 shtator, 2010, Komisioni për arsim mbajti seancën e katërt, në të cilën morrën pjesë edhe anëtarët e grupit teknik të përbërë nga këshilltarët për arsim dhe inspektorët e autorizuar komunal. U shqyrtuan edhe çështje nga gjendjet aktuale në arsim me interes të pushteteve lokale, e vëmendje e veçantë i'u kushtua mungesës së mjeteve financiare në arsim, të parashikuar me rebalancin e Buxhetit për 2010. Kjo gjendje u vërtetua edhe me raportet e arritura të disa komunave ku do të përcaktohet se mungesa është më e dukshme në mjetet për arsim të mesëm dhe reflektohet në pagesën e transportit të nxënësve dhe ngrohjen e shkollave. U potencuan dhe problemet që i kanë komunat për shkak të kapacitetit të dobët të shtëpive studentore, me ç'rast u propozua që MASH urgjent të përpilojë Rregullore për arsim të mesëm obligativ.

Të pranishmit u informuan për konkluzionin e Bordit drejtues të BNJVL që të iniciohet takim i ri me Ministrin për arsim, në të cilin edhe një herë do të potencohet nevoja për gjetjen e në mënyre për tejkalimin e gjendjes me mungesën e mjeteve për arsim, që në pjesë të madhe komunash mund të sjell deri te cënimi serioz i mundësive të pushtetit lokal për zbatimin e kësaj kompetence.

Në mbledhje u theksua se ende, në komuna të caktuara, ekziston problemi edhe me tranferin e marrëdhënies së punës të të punësuarve në arsim. U paraqit pakënaqësi për shkak të vonesës së pajtueshmërive nga MASH, që përfundimisht duhet të pranohen më së voni 15 ditë para fillimit të vitit shkollor.

Në mbledhje u diskutua edhe për problemet që krijohen ne shpërndarjen e mjeteve për kompensim të mësimdhënësve fondi i orëve të të cilëve mbulohen në më shumë shkolla, që mund të jenë në dy ose më tepër komuna, ndërsa mësimdhënësi ka themeluar marrëdhënie pune në një subjekt juridik (shkollë).

Të pranishmit diskutuan edhe për nevojën e korigjimit të paqartësive të caktuara ligjore, të krijuara në arsimin e mesëm obligativ, kur gjatë shqiptimit të masës më të lartë pedagogjike, nxënësi nuk mund të transferohet në shkollë tjetër sepse në atë rajon nuk ekziston shkollë përkatëse (veçanërisht e theksuar në shkollat profesionale). Mundësi e hapur për korigjime ligjore ka edhe në raport me dispozitat ku është parashikuar që këshillat komunal të votojnë, në vend që t'i shqyrtojnë raportet dhe planet shkollore.

Në këtë takim të pranishmit kishin mundësi të ndjekin prezantim për propozim-strategjinë për arsimin e më të moshuarve dhe mbi të njejtën edhe të diskutojnë.

### ЗЕЛС ДАВА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ И ВО ОБЛАСТА НА ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ

# ИЗГОТВЕНИ ПРАВИЛНИК И ПЛАН ЗА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА

Правилник и План за јавност во работата на општината, се два важни документи кои произлегоа од активностите на проектот “Транспарентна општина”, што претставува продолжување на активностите на ЗЕЛС во областа на транспаретното работење на локалните власти. Управниот одбор на ЗЕЛС на последната седница ги усвои со препорака до општините, истите да бидат разгледувани од страна на општинските совети и да бидат прифатени.

Правилникот и Планот треба да придонесат за воспоставување на повисоки критериуми за јавност во работата на општината, како основа за транспарентно, квалитетно и организирано спроведување на нејзините надлежности, но и за интензивирање на комуникацијата со граѓаните и подигнувањето на нивото на одговорност и отчетност на локалната самоуправа пред нив. Овие два документа се посветени на подигнување на нивото на комуникацијата на внатрешната и на надворешната јавност, при што се воспоставени постапките, насоките и правците на одвивањето на комуникацијата. Тие треба да овозможат :

секое раководно лице и државен службеник вработен во општината да може да добие навремени, релевантни, јасни и корисни информации за политиката на општината, приоритетите на нејзината работа, насоки за вршење на својата должност како и насоки препораки за подобрување на својата работа. Да биде навремено информирано за важните активности кои се спроведуваат во општината со цел да може да даде сопствена поддршка при нивното спроведување.

јавноста, односно граѓаните, медиумите, стопанските субјекти и невладините организации да добијат навремени, релевантни, точни информации за политиката на општината, нејзините планови и приоритети и истите да бидат коректори на политиките на општината за надминување на проблемите со кои тие се соочуваат во соработка со локалната власт

Во Проектот “Транспарентна општина” се вклучија 14 општини: Штип, Гостивар, Тетово, Дебар, Гази Баба, Гевгелија,Ресен, Кавадарци, Неготино, Ѓорче Петров, Илинден, Охрид, Куманово, Крива Паланка. Активностите започна во јануари, 2010 година, со спроведување на информативни работилници за секоја од општините во кои беа вклучени градоначалникот и најтесното раководство, потоа следуваат тркалезни масаи на кои покрај раководдството од општината (градоначалник, раководители, ПР, секретар) учествуваа претставници од НВО, бизнис заедницата, медиумите и урбаните заедници од друга страна. Во завршната фаза беа изготвени Правилникот и Планот за јавност во работата на општината. Проектот беше финансиска поддржан од УСАИД/МЛГА.

### BNJVL I JEP PËRKRAHJE KOMUNAVE EDHE NË LËMINË E PUNËS TRANSPARENTE

# U HARTUAN RREGULLORJA DHE PLANI PËR TRANSPARENCË NË PUNËN E KOMUNËS

Rregullorja dhe Plani për transparencë në punën e komunës, janë dy dokumente të rëndësishme të cilat u paraqitën nga aktivitetet e projektit ,,Komuna transparente”, që paraqet vazhdimësi të aktiviteteve të BNJVL-së në lëminë e punës transparente të pushteteve lokale. Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e fundit i miratoi me rekomandim deri te komunat, që të njejtat të shqyrtohen nga ana e këshillave komunal dhe të jenë të pranuara.

Rregullorja dhe Plani duhet të kontribuojnë për vendosjen e kritereve më të larta për zbatimin transparent, kualitativ dhe të organizuar të kompetencave të saja, por edhe për intensifikim të komunikimit me qytetarët dhe ngritjen e nivelit të përgjegjësisë dhe llogaridhënies së vetëqeverisjes lokale para tyre. Këto dy dokumente janë dedikuar për ngritjen e nivelit të komunikimit të transparencës aë brendshme dhe të jashtme, me ç’rast u vendosën procedurat, kahjet dhe drejtimet e zhvillimit të komunikimit. Ato duhet të mundësojnë:

- çdo person udhëheqës dhe nëpunës shtetëror në komunë të mund të pranojë informacione në kohë, relevante, të qarta dhe të dobishme lidhur me politikën e komunës, prioritetet e punës së saj, drejtimet për kryerjen e detyrës së saj, si dhe rekomandime për përmirësimin e punës së saj. Të jenë të informuar në kohë për aktivitetet e rëndësishme të cilat zbatohen në komunë me qëlllim që të mund të japë përkrahje personale gjatë zbatimit të tyre.

- publiku, respektivisht qytetarët, mediat, subjektete ekonomike, organizatat joqeveritare, të fitojnë informacione në kohë, relevante, të qarta dhe të dobishme lidhur me politikën e komunës, prioritetet dhe planet dhe të njejtët të jenë korektorë të politikave të komunës për tejkalimin e problemeve me të cilat ballafaqohen ato në bashkëpunim me pushtetin lokal.

Në projektin ,,Komuna transparente” u kyçën 14 komuna: Shtipi, Gostivari, tetova, dibra, gazi baba, Gjevgjelia, Resnja, Kavadari, Negotina, Gjorçe Petrovi, Ilindeni, Ohri, Kumanova, Kriva Pallanka. Aktivitetet filluan në janar, 2010, me zbatimin e punëtorive informative në çdonjërën prej komunave në të cilat u përfshinë edhe kryetari i komunës dhe kryesia më e ngushtë, pastaj vijuan tryezat e rrumbullakëta në të cilat krahas kryesisë së komunës (kryetarit, udhëheqësve, PR, sekretarit) morrën pjesë përfaqësues nga OJQ, bashkësia e biznesit, mediat dhe bashkësitë urbane nga ana tjetër. Në fazën përfundimtare u hartua Rregullorja dhe Plani për transparencë në punën e komunës. Projekti ka përkrahje financiare nga USAID/MLGA.

Комисија за култура

# ПОТРЕБА ОД ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНИТЕ И ЦЕНТРАЛНИТЕ ВЛАСТИ НА ПОЛЕТО НА КУЛТУРАТА

Потребата од размена на информации и податоци помеѓу ЗЕЛС и Министерството за култура, особено интензивирањето на соработката во делот на објавување на конкурси и програми во кои локалните власти можат да партиципираат претставуваше еден од поважните заклучоци што ги донесе Комисијата за култура при ЗЕЛС на одржаната седница на 28 септември 2010 година. Исто така, беше констатирано дека е потребно одржување на состанок на претставници од ЗЕЛС со Министерката за култура и со Директорот на Заводот за заштита на културното наследство во РМ со цел воспоставување на организиран пристап во заштитата на објектите кои се со особени културни, историски, архитектонски и други вредности, каде локалните власти немаат право да интервенираат, но истите или им пречат при целосната реализација на деталните урбанистички планови, или пак општината има голем интерес за нивно ревитализирање.

Членовите на Комисијата ќе му предложат на УО на ЗЕЛС да поднесе иницијатива до Владата на РМ објектите кои се моментно во надлежност на државата, односно Министерството за култура, особено во оние во кои се сместени Центрите за култура, да се децентрализираат и да им се дадат на стопанисување на општините, но при тоа тие да бидат претходно исчистени од сите долгови. Тоа ќе произведе полза и за локалната и за централната власт бидејќи истите ќе се заштитат од пропаѓање во кое сега се наоѓаат, а општините на одреден начин ќе може да обезбедуваат одредени дополнителни приходи. Беше договорено Министерството за култура да достави до ЗЕЛС список на сите објекти од областа на културата и понатаму секоја општина да ги разгледа можностите за дејствување на ова поле.

На седницата во присуство на претставник од Министерството за култура беа разгледани и можностите општините да аплицираат за различни проекти, да добиваат поддршка од Министерството особено за оние активности кои се однесуваат за повеќе општини или имаат регионално значење. Беше предложено ЗЕЛС да учествува со свој претставник при изборот на општина за Програмата „Град на културата", што е во рамките на Министерството за култура. Беше посочено дека соработката може да се интензивира и при заедничко организирање на проекти од национално значење од кои ќе имаат бенефит општините. Беше договорено комисијата да одржува почести седници со цел развивање на предлозите и иницијативите за одржување на поголем број културните настани и манифестации во сите општини.

Komisioni për kulturë

# NEVOJË PËR BASHKËPUNIM MË INTENSIV TË PUSHTETEVE LOKALE DHE QËNDRORE NË FUSHËN E KULTURËS

Nevoja nga shkëmbimi i informacioneve dhe të dhënave midis BNJVL-së dhe Ministrisë për kulturë, veçanërisht për intensifikimin e bashkëpunimit në pjesën e shpalljes së konkurseve dhe programeve në të cilat pushtetet lokale mund të participojnë, paraqet njërin ndër konkluzionet më të rëndësishme që i aprovoi Komisioni për kulturë pranë BNJVL-së në seancën e mbjatur më 28 shtator 2010. Gjithashtu u konstatua se është e nevojshmë të mbahet mbledhje e përfaqësuesve të BNJVL-së me Ministrin për kulturë dhe drejtorin e Entit për mbrojtje të trashëgimisë kulturore të RM, me qëllim të vendosjes së qasjes së organizuar në mbrojtjen e objekteve të cilat janë me vlera të veçanta kulturore, historike, arkitekturale etj, ku pushtetet lokale nuk kanë të drejtë të intervenojnë, por të njëjtat ose ose pengojnë gjatë realizimit të përgjithshëm të planeve urbanistike detajuese, ose komuna ka interesim të madh për revitalizimin e tyre.

Anëtarët e Komisionit do t'i propozojnë BD të BNJVL-së të ngre iniciativë në Qeverinë e RM që objektet të cilat momentalisht janë në kompetencat e shtetit, respektivisht Ministrisë për kulturë, veçanërisht në ato në të cilat janë vendosur Qendrat për kulturë, të decentralizohen dhe me to të udhëheqin komunat, por që ato paraprakisht t'i kenë pastruar borxhet. Kjo do të jetë e dobishme edhe për pushtetin lokal edhe për atë qëndror sepse të njëjtat do të mbrohen nga shkatërrimi, ndërsa komunat në mënyrë të caktuar mund të sigurojnë të ardhura të caktuara plotësuese. U dakorda që Ministria e kulturës në BNJVL të parashtrojë listë të të gjitha objekteve nga lëmia e kulturës dhe më tutje çdo komunë t'i shqyrtojë mundësitë për veprim në këtë lëmi.

Në seancë, në prani të përfaqësuesit nga Ministria për kulturë, u shqyrtuan edhe mundësitë që komunat të aplikojnë për projekte të ndryshme, të marrin përkrahjen e ministrisë, veçanërisht për ato aktivitete që kanë të bëjnë me më tepër komuna ose kanë rëndësi rajonale. U propozua që BNJVL të marrë pjesë me përfaqësuesin e saj në zgjedhjen e komunës për Programin „Qyteti i kulturës", që është në kuadër të Ministrisë për kulturë. U përmend se bashkëpunimi mund të intensifikohet edhe gjatë organizimit të përbashkët të projekteve me rëndësi nacionale nga të cilat beneficion do të kenë komunat. Rënë dakord që Komisioni të mbajë seanca më të shpeshta me qëllim të zhvillimit të propozimeve dhe iniciativave për mbajtjen e më shumë ngjarjeve dhe manifesimeve kulturore në të gjitha komunat.

ИНИЦИЈАТИВА :

## Побарани измени во Законот за заштита од бучава во животната средина

ЗЕЛС во име на своите членки-општините достави иницијатива до Министерство за животна средина и просторно планирање на Р.М за дополнување на законот за заштита од бучава во животната средина. Согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, единиците на локалната самоуправа во Република Македонија (ЕЛС) преземаат одговорности во подготовката на планските документи за заштита од бучава како и во делот на инспекцискиот надзор преку кој се спроведуваат законски пропишаните мерки согласно член 19 став 2 од Законот, како и активностите во надлежност на локалните инспекции опишани во членовите 49 и 50 од Законот.

За извршување на наведените задолжителните обврски од страна на ЕЛС, а дефинирани со Закон, неопходни се средства поради трошоците што се акумулираат при спроведување на Законот, а што ги надминуваат општинските буџети предвидени за заштита од бучава. Оттука, а заради поефикасна и непречена примена на Законот од страна на ЕЛС и за ефективно постапување по истиот, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ, во име на своите членки – општини, бара да се покрене Иницијатива за дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, и тоа:

Во член 56, по став 6 да се додаде нов став 7, кој ќе гласи: „Средствата од наплатените глоби изречени од овластените инспектори за животна средина на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје се директни приходи на општините, општините во Град Скопје и Градот Скопје".

Во член 57, по став 4 да се додаде нов став 5, кој ќе гласи: „Средствата од наплатените глоби изречени од овластените инспектори за животна средина на општините, општините во Град Скопје и Градот Скопје се директни приходи на општините, општините во Град Скопје и Градот Скопје".

INICIATIVË :

## Ndryshime të kërkuara në Ligjin për mbrojtje nga zhurma në mjedisin jetësor

BNJVL në emër të anëtareve të saja parashtroi iniciativë deri te Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor të R.M. për plotësim të Ligjit për mbrojtje nga zhurma në mjedisin jetësor. Konform Ligjit për mbrojtje nga zhurma në mjedisin jetësor, njësitë e vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë (NJVL) marrin përgjegjësi në përgatitjen e dokumenteve planifikuese për mbrojtje nga zhurma si dhe në pjesën e mbikëqyrjes inspektuese përmes zbatimit të masava të shënuara në ligj konform nenit 19, paragrafi 2 i Ligjit, si dhe aktivitetet në kompetencë të inspekcioneve lokale të referuara në nenet 49 dhe 50 të Ligjit.

Për kryerjen e obligimeve të detyrueshme të përmendura nga ana e NJVL, ndërsa të definuara me Ligj, të domosdoshme janë mjetet për shkak të shpenzimeve të akumuluara gjatë zbatimit të Ligjit, ndërsa që i tejkalojnë buxhetet komunale të parashikuara për mbrojtje nga zhurma. Që këtu, e për arsye të zbatimit më efikas dhe të papenguar të Ligjit nga ana e NJVL dhe të vepruarit efektiv sipas të njejtit, Bashkësia e njësive të vetëqeverisje lokale të RM, në emër të anëtareve të saja-komunave, kërkon të ngritet iniciativë për plotësimin e Ligjit për mbrojtje nga zhurma në mjedisin jetësor dhe atë:

1. Në nenin 56, pas paragrafit 6 të shtohet paragraf i ri 7, i cili thotë: ,,Mjetet nga gjobat e arkëtuara të shqiptuara nga ana e inspektorëve për mjedis jetësor të komunave, komunave në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit janë të ardhura të drejtpërdrejta të komunave, komunave të Qytetit të Shkupit dhe Qyteti i Shkupit".
2. Në nenin 57, pas paragrafit 4 të shtohet paragrafi 5, i cili thotë: ,,Mjetet nga gjobat e arkëtuara të shqiptuara nga ana e inspektorëve për mjedis jetësor të komunave, komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit janë të ardhura të drejtpërdrejta të komunave, komunave të Qytetit të Shkupit dhe Qyteti i Shkupit".

ИНИЦИЈАТИВА:

## Опасност од вакуум во реализацијата на одредени активности на општините поради укинувањето на Фондот за води

Управниот одбор на ЗЕЛС, на својата седница одржана на 16 септември, 2010 г. ја разгледа состојбата и реперкусиите од укинувањето на ФОНДОТ ЗА ВОДИ, што во согласност со членот 263 од Законот за води („Службен весник на Република Македонија" број 4/98, 19/2000, 42/2005 и 46/2006, кој гласи: „Со 1 јануари 2010 година Фондот за води, основан со Законот за води („Службен весник на Република Македонија" број 4/98, 19/2000, 42/2005 и 46/2006), престанува да постои. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги презема средствата, опремата, вработените, како и правата и обврските на Фондот за води".

Со оглед на фактот дека преку Фондот за води се обезбедуваа значителни средства за единиците за локалната самоуправа, а оваа институција беше директно упатена во проблемите на општините со кои остваруваше тесна соработка, ЗЕЛС достави иницијатива до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во која бара да се одложи примената на погоренаведената одредба од Законот, односно измените со кои се укинува и се врши пренесување на средствата, опремата и вработените во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На овој начин ќе се обезбеди континуитет и непречено вршење на делокругот на работите во надлежност на оваа институција во интерес на општините, а особено руралните општини кои се реално најмногу погодени од погоренаведената одредба од Законот, но и поради долгата постапка на остварување на планот за етапно пренесување на работите заради што постои оправдан страв од настанување на вакуум во остварувањето на работите, односно МЖСПП сè уште не ги презело во целост своите, сега веќе нови, надлежности. Постапката на донесување на „план за постепено пренесување на работите" произлегува од членот 263, став 3 од истиот Закон.

INICIATIVË:

## Rrezik nga vakumi gjatë realizimit të aktiviteteve të caktuara të komunave, për arsye abrogimi të Fondit për ujëra

Bordi drejtues i BNJVL-së, në seancën e tij të mbajtur më 16 shtator, 2010, e shqyrtoi gjendjen dhe reperkusionet nga abrogimi i Fondit për ujëra, që konform nenit 263 i Ligjit për ujëra (,,Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 4/98, 19/2000; 42/2005 dhe 46/2006, i cili thotë: "Me 1 janar 2010 Fondi për ujëra, i themeluar me Ligjin për ujëra (,,Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 4/98, 19/2000; 42/2005 dhe 46/2006), ndalon së ekzistuari. Organi i drejtorisë shtetërore kompetent për kryerjen e punëve në lëminë e mjedisit jetësor merr mjetet, pajisjen, të punësuarit si dhe të drejtat dhe obligimet e Fondit për ujëra".

Duke pasur parasysh se përmes Fondit për ujëra u siguruan mjete të rëndësishme për njësitë e vetëqeverisjes lokale, ndërsa ky institucion drejtpërdrejtë i'u referua problemeve të komunave me të cilat realizonte një bashkëpunim të ngushtë, BNJVL parashtroi iniciativë deri te Ministria për bujqësi, pylltari dhe ekonomi të ujërave, në të cilin kërkon të anulohet zbatimi i dispozitës së lartpërmendur të Ligjit, respektivisht ndryshimet me të cilat anulohet dhe kryhet transferim i mjeteve, pajisjes dhe të punësuarve në Ministrinë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor.

Në këtë mënyrë do të sigurohet vazhdimësi dhe kryerje të papenguar të rregullores së punëve në kompetencat e këtij insticucioni me interes të komunave, e veçanërisht të komunave rurale të cilat realisht janë më të prekura nga dispozita e lartpërmendur e Ligjit, por edhe për shkak të procedurës së gjatë të realizimit të planit për bartje në etapa të punëve për të cilën ekziston frikë e arsyeshme nga krijimi i vakumit gjatë realizimit të punëve, respektivisht MMJPH ende nuk i ka marrë kometencat e saja, tash më të reja në tërësi. Procedura e aprovimin të ,,planit për bartje graduale të punëv" rrjedh nga neni 263, paragrafi 3 nga i njejti Ligj.

ИНИЦИЈАТИВА:

## За поефикасно и ефективно имплементирање на актите од животната средина, од страна на општините

Навременото, професионално, ефикасно и ефективно имплементирање на актите на ЕЛС за заштита на животната средина, како и градењето и отсликувањето на стручна и компетентна администрација во секој поглед пред домашни и странски инвестициски можности, за ЕЛС наметнува потреба од мобилна, флексибилна и соодветно поставена административна структура која ќе го даде во моментот најголемиот бенефит и за општините во РМ и за државата.

За таа цел, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ, во име на своите членки – општини, достави иницијатива до Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање со барање за соодветна измена на Законот за заштита на животната средина (Сл. весници бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10) и Уредба Сл. весник бр.80/09 и тоа во однос на:

ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, членови 66-75

ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, членови 76-94.

Измените и дополнувањата што би се интегрирале во Законот за заштита на животна средина да соодевствуваат со интегрирање на АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ како изработувач на горенаведените ОЦЕНИ НА ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, а имајќи ја во вид и потребата од непречен пристап и брза постапка за донесување урбанистички документации, кои, пак, се од клучно значење за локалните инвестициски процеси.

На овој начин ќе се избегне досегашната пракса која покажа дека изработка на една ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕ (стратегиска оцена) трае предолго - минимум 45 дена и се наплатува во големи износи од минимум 700 евра, сума која значително го оптеретува општинскиот буџет, ако се има во вид обемот на планските документации што се носат на локално ниво, како и проектите што треба да се реализираат заради воведување поуспешни и интезивни инвестициски циклуси во општините, а со тоа и во државата.

INICIATIVË:

## Për implementim më efikas dhe efektiv të akteve nga mjedisi jetësor, nga ana e komunave

Të implementuarit në kohë, në mënyrë profesionale, efikase dhe efektive të akteve të NJVL për mbrojtjen e mjedisit jetësor, si dhe ndërtimin dhe paraqitjen e administratës profesionale dhe kompetente para mundësive investuese vendore dhe të huaja, që NJVL t'a paraqesë nevojën e vendosjes së një strukture të lëvizshme, fleksibile dhe të përshtatshme administrative që për momentin do t'a japë beneficionin më të madh edhe për komunat në RM dhe për mbarë shtetin.

Për këtë qëllim, Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të RM, në emër të anëtareve të saja-komunave, parashtroi iniciativë deri te Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor me kërkesë për ndryshim të Ligjit për mbrojtje të mjedisit jetësor (,,Gaz. Zyrtare nr..53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 dhe 48/10) dhe Rregulloren (,,Gaz. Zyrtare nr. 80/09 dhe atë lidhur me:

1. Vlerësimin e ndikimit të strategjive të caktuara, planet dhe programet në mjedisin jetësor, nenet 66-75
2. Vlerësimin e ndikimit të projekteve të caktuara në mjedisin jetësor, nenet 76-94.

Ndryshimet dhe plotësimet që do të integroheshin në Ligjin për mjedis jetësor të përshaten me integrimin e AGJENCIONIT PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR si përpilues të vlerësimeve të lartpërmendura të ndikimeve në mjedisin jetësor, e duke pasur parasysh edhe nevojën nga qasja e papenguar dhe procedura e shpejtë për aprovimin e dokumentacioneve urbanistike, të cilat janë mjaft të rëndësishme për proceset investuese lokale.

Në këtë mënyrë do të shmanget praktika e deritanishme që tregoi se hartimi i një vlerësimi të ndikimit (vlerësim strategjik) zgjat shumë-minimum 45 ditë dhe paguhet në shuma të mëdha prej minimum 700 eurosh, shumë e cila dukshëm ngarkon buxhetin e komunës, nëse merret parasysh vëllimi i dokumentacioneve planifikuese që aprovohen në nivel lokal, si dhe projektet që duhet realizuar për shkak të vendosjes së cikleve investuese më të suksesshme dhe më intensive në komunat e me të edhe në mbarë shtetin.

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ ВО ПОСЕТА НА СИТЕ 85 ЕЛС

ЗЕЛС Тренинг центарот (ЗТЦ), во рамките на своите активности, започна со циклусот посети на сите општини и Градот Скопје, во период од септември до средината на ноември, 2010 година. Целта на посетите е да се утврдат потребите на локалната администрација за обука и градење на капацитетите и да се утврдат актуелните предизвици на општините.

Во согласност со тоа, вработените од Тренинг центарот на ЗЕЛС (ЗТЦ), по претходно утврден распоред во согласност со општините ( даден подолу ) ги започна средбите со дел од општинската администрација, поточно со секретарот на општината и раководителите на секторите/одделенијата. По овие разговори ЗЕЛС тренинг центарот ќе изработи рамка на активности која ќе кореспондира со утврдените потреби на општинската администрација, но и со можностите на ЗТЦ.

**СЕПТЕМВРИ**

28.09. вто. - Тетово, Теарце, Јегуновце

29.09 среда - Желино, Боговиње, Брвеница

30.09. чет. - Врапчиште, Гостивар, Маврово

01.10. пет.
1. Берово, Делчево, Пехчево
2. Чучер Сандево, Арачиново

**ОКТОМВРИ**

04.10. пон. -
1. Мак. Каменица, Кочани, Виница
2. Чашка, Велес, Лозово, Свети Николе

05.10. вто. - Радовиш, Конче, Василево, Босилево

06.10. среда - Ново Село, Струмица, Валандово

07.10. чет. - Гевгелија, Дојран, Богданци

08.10 пет. -
1. Чешиново-Облешево, Зрновци, Карбинци
2. Зајас, Кичево, Мак. Брод, Осломеј

12.10 вто. -
1. Штип, Пробиштип
2. Другово, Вранештица, Охрид, Пласница, Дебарца

13.10 среда -
1. Струга, Вевчани, Дебар Центар Жупа,

26.10 вто. – Кавадарци, Неготино, Росоман, Градско

27.10 среда – Прилеп, Долнени, Кривогаштани

28.10 чет. – Крушево, Демир Хисар, Ресен –

29.10 пет. – Могила, Новаци, Битола

**НОЕМВРИ**

02.11. вто. - Липково, Куманово, Старо Нагоричане

03.11. среда - Ранковце, Кратово, Крива Паланка

04.11. чет. – Илинден, Петровец

05.11. пет. - Студеничани, Зелениково, Сопиште

## BNJVL QENDRA E TRAJNIMEVE VIZITON TË GJITHA 85 NJVL-TË

BNJVL - Qendra e trajnimeve (BQT), në kuadër të aktiviteteve të saja, filloi me ciklin vizita e të gjitha komunave dhe Qytetit të Shkupit, në periudhën prej shtatorit deri në mesin e tetorit të vitit 2010. Qëllimi i vizitave është të përcaktohen nevojat e administratës lokale për trajnim dhe ndërtim të kapaciteteve dhe të përcaktohen sfidat aktuale të komunave.

Në pajtueshmëri më këtë, të punësuarit në Qendërn e Trajnimeve të BNJVL-së (BQT), me orar paraprakisht të caktuar në pajtueshmëri me komunat (i paraqitur më poshtë), i filloi takimet me pjesë të administratës komunale, më saktë me sekretarin e komunës dhe udhëhqësit e sektorëve/seksioneve. Pas këtyre bisedimeve BNJVL - Qendra e Trajnimeve do të përpilojë kornizë të aktiviteteve, e cila do të korespondojë me nevojat e përcaktuara të administratës komunale, por edhe me mundësitë e BQT.

**SHTATOR**

28.09. e martë – Tetovë, Tearcë, Jegunovce

29.09 e mërkurë - Zhelinë, Bogovinjë, Bërvenicë

30.09. e enjte - Vrapçishtë, Gostivar, Mavrovë

01.10. e premte -
1. Berovë, Dellçevë, Pehçevë
2. Çuçer Sandevo, Haraçinë

**TETOR**

04.10. e hënë -
1. Mak. Kamenicë, Koçani, Vinicë
2. Çashkë, Veles, Llozovë, Sveti Nikole

05.10. e martë - Radovish, Konçe, Vasilevë, Bosillovë

06.10. e mërkurë - Novo Sellë, Strumicë, Vallandovë

07.10. e enjte - Gjevgjeli, Dojran, Bogdanci

08.10 e premte
1. Çeshinovë-Obleshevë, Zërnovcë, Karbinci
2. Zajaz, Kërçovë, Mak.Brod, Osllomej

12.10 e martë -
1. Shtip, Probishtip
2. Drugovë, Vraneshticë, Ohër, Pllasnicë, Debarcë

13.10 e mërkurë -
1. Strugë,Vevçani, Dibër, Centar Zhupë

26.10 e martë – Kavadarë, Negotinë. Rosoman, Gradsko

27.10 e mërkurë – Prilep, Dollneni, Krivogashtani

28.10 e enjte – Krushevë, Demir Hisar, Resnjë –

29.10 e premte – Mogilla, Novaci, Manastir

**NËNTOR**

02.11. e martë - Likovë, Kumanovë, Staro Nagoriçane

03.11. e mërkurë - Rankovcë, Kratovë, Kriva Pallankë

04.11. e enjte . – Ilinden, Petrovec

05.11. e premte – Studeniçan, Zelenikovë, Sopishtë

# ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска бб, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

# BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk